РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВИШ УПРАВЕН СУД
СУ-01.бр.0102-11/2024
08.02.2024 година
Скопје

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**

# Г О Д И Ш Е Н   И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ВИШИОТ УПРАВЕН СУД ЗА 2024 ГОДИНА

---

Скопје, февруари 2024 година

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА СО ПРЕДМЕТИ во 2023 година

**Преглед на предмети по уписници**
**во период 01.01 – 31.12.2023 година**

| Вид | Нерешени предмети на почеток | Примени предмети | Погрешн о заведени | Вкупно во работа | Решени предмети | Нерешени предмети на крај |
|---|---|---|---|---|---|---|
| УЖ-1 | 191 | 555 | 0 | 746 | 470 | 276 |
| УЖ-2 | 80 | 371 | 2 | 449 | 254 | 195 |
| УЖ-3 | 334 | 1340 | 1 | 1673 | 837 | 836 |
| УЖВМ-1 | 0 | 16 | 0 | 16 | 16 | 0 |
| УЖВМ-2 | 0 | 11 | 0 | 11 | 11 | 0 |
| УЖВМ-3 | 0 | 36 | 0 | 36 | 36 | 0 |
| УПРЖ | 99 | 389 | 0 | 488 | 364 | 124 |
| УПРЖВМ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УИЖ-1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| УИЖ-2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| УИЖ-3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| УПОВ | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 |
| УРПЖ | 66 | 361 | 2 | 425 | 325 | 100 |
| УРП | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 772 | 3080 | 5 | 3847 | 2315 | 1532 |

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

• На почетокот од 2023 година, Виш управен суд беше составен од Претседател на суд и 9 (девет) судии. Во текот на 2023 година, на двајца судии на Вишиот управен суд им престана судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, и тоа:

- На ден 25.01.2023 година, со решение на Судски совет на Република Северна Македонија, број 02-216/1 од 26.01.2023 година , на еден судија му престана судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

- На ден 30.08.2023 година, со решение на Судски совет на Република Северна Македонија број 02-1687/1 од 31.08.2023 година, на еден судија му престана судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија.

Воедно, по истекувањето на мандатот за кој беше избрана за претседател на Виш управен суд, со решение на Судски совет на Република Северна Македонија, број 02-2208/1 од 09.11.2023 година, на претседателот на судот, судија Исмета Амет, и беше утврдено продолжување на судиската функција-судија на Управен суд.

Со решение на Судски совет на Република Северна Македонија, бр.02-2199/1 од 09.11.2023 година, за вршител на должноста Претседател на Вишиот управен суд, е определена Анита Данилова, судија на Вишиот управен суд, и е овластена да биде потписник на сите акти и сметки на судот, сметано од 09.11.2023 година.

Со оглед на наведеното, на крајот на 2023 година, Виш управен суд е составен од 7 (седум) судии, од кои еден судија е определен за вршител на должноста Претседател на Вишиот управен суд.

- Во Виш управен суд, заклучно со 31.12.2023 година има вкупно 17 вработени односно 16 судски службеници и 1 (еден) припадник на судска полиција.

На ден 31.05.2023 година, 1 (еден) судски службеник, со звање судски референт-доставувач, му престана работниот однос во Вишиот управен суд врз основа на спогодба за престанок на работен однос.

На ден 01.05.2023 година, во постапка за вработување без јавен оглас преку трајно превземање, Вишиот управен суд спроведе вработување на 1 (еден) припадник на судска полиција од Основен граѓански суд Скопје, додека на ист начин, во постапка преку трајно презвемање, му престана работниот однос на 1 (еден) припадник на судска полиција од Виш управен суд во Управен суд.

На ден 29.12.2023 година, на 1 (еден) судски службеник, со звање виш судски референт-извршител во писарница, му престана работниот однос во Вишиот управен суд врз основа на спогодба за престанок на работен однос.

Согласно Правилникот за внатрешна организациja и систематизација на работните места во Вишиот усправен суд, заклучно со 31 декември 2023 година, во овој суд беа вработени вкупно **17** лица во рамките на судската служба, и тоа:

**– 1** (еден ) судски службеник од категоријата „А" - судски администратор

**– 2** (два) судски службеници од категоријата„Б" - раководни судски службеници, и тоа: 1 (еден) раководител на одделение за информатика и 1 (еден) раководител на одделение за финансиско и материјално работење

- **4** (четири) стручни судски службеници, од категорија „В", и тоа: 2 (два) судски соработници, и 2 (два) помлади судски соработници;

**– 9** (девет) судски службеници од категоријата „Г" помошно-стручни судски службеници, и тоа: 1 (еден) самостоен референт- технички секретар на претседателот, 1 (еден) самостоен судски референт – водител на писарница, 1 (еден) самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта, 1 (еден) виш судски референт – извршител во писарница, 3 (три) виши судски референти за обработка на документација – дактилографи, 1 (еден) помлад судски референт – доставувач и 1 (еден) референт-економ;

**– 1** (еден) припадник на судска полиција.

Состојбата со предвидени, пополнети и непополнети работни места според Правилникот за систематизација на работните места во Вишиот управен суд, донесен и усвоен согласно со Законот за судска служба, табеларно е прикажана во следната табела:

| | ПРЕДВИДЕН БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ | ПОПОЛНЕТ БРОЈ НА ИЗВРШИТЕЛИ |
|---|---|---|
| КАТЕГОРИЈА А – Судски администратор | | |
| А-2 СУДСКИ АДМИНИСТРАТОР | 1 | 1 |
| КАТЕГОРИЈА Б – Раководни судски службеници | | |
| Б-1 САМОСТОЕН СУДСКИ СОВЕТНИК | 1 | / |
| Б-2 РАКОВОДИТЕЛ НА СТРУЧНО-ПРАВНА И АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕХНИЧКА СЛУЖБА | 1 | / |
| Б-4 РАКОВОДИТЕЛ НА СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКТИКА | 1 | / |
| Б-4 РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНФОРМАТИКА | 1 | 1 |
| Б-4 РАКОВОДИТЕЛ НА СУДСКО ОДДЕЛЕНИЕ | 4 | / |
| Б-4 РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКО И МАТЕРИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | 1 | 1 |
| Б-4 РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 1 | / |
| КАТЕГОРИЈА В Стручни судски службеници | | |
| В-1 ВИШ СУДСКИ СОВЕТНИК | 2 | / |
| В-1 СУДСКИ СОВЕТНИК | 3 | / |
| В- 1 СОВЕТНИК - ИНФОРМАТИЧАР | 1 | / |
| В-2 ВИШ СУДСКИ СОРАБОТНИК | 5 | / |
| В-3 СУДСКИ СОРАБОТНИК | 8 | 2 |
| В-3 СОРАБОТНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ | 1 | / |
| В-4 ПОМЛАД СУДСКИ СОРАБОТНИК | 10 | 2 |
| КАТЕГОРИЈА Г- Помошно – стручни судски службеници | | |
| Г-1 САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ – ВОДИТЕЛ НА ПИСАРНИЦА | 1 | 1 |
| Г-1 САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ - КООРДИНАТОР НА ДАКТИЛОБИРО | 1 | / |
| Г-1 САМОСТОЕН СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ПРИЕМ И ЕКСПЕДИЦИЈА НА ПОШТА | 1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| Г-1 САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ - СМЕТКОВОДИТЕЛ | 1 | / |
| Г-1 САМОСТОЕН РЕФЕРЕНТ - ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ СУДОТ | 1 | 1 |
| Г-2 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ – ИЗВРШИТЕЛ ВО ПИСАРНИЦА | 5 | 1 |
| Г-2 ВИШ СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ОБРАБОТКА НА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ДАКТИЛОГРАФ | 7 | 3 |
| Г-3 РЕФЕРЕНТ – ТЕХНИЧКИ СЕКРЕТАР НА СУДСКИОТ АДМИНИСТРАТОР | 1 | / |
| Г-3 РЕФЕРЕНТ –ЕКОНОМ | 1 | 1 |
| Г-3 СУДСКИ РЕФЕРЕНТ ЗА ПРИЕМ И ЕКСПЕДИЦИЈА НА ПОШТА | 1 | / |
| Г-3 РЕФЕРЕНТ – ДОСТАВУВАЧ | 2 | 0 |
| Г-4 ПОМЛАД РЕФЕРЕНТ - ДОСТАВУВАЧ | 1 | 1 |
| Вработени во судот кои вршат технички и помошни работи и немаат статус на судски службеници | | |
| ХИГИЕНИЧАР | 2 | / |
| ВОЗАЧ | 1 | / |
| Судска полиција – Служба која ги обезбедува објектите, имотот и лицата и го одржува редот во судскиот простор | | |
| КОМАНДИР НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 1 | / |
| ПРИПАДНИК НА СУДСКА ПОЛИЦИЈА | 3 | 1 |
| ВКУПНО: | 71 | 17 |

Според Правилникот за систематизација на работните места во Вишиот управен суд, е утврден бројот на работните места потребни за извршување на надлежностите на Вишиот управен суд, распоредот на работните места по организациони облици, називите на звањата и работните места, описот на работните задачи по работни места, посебни услови потребни за вршење на работите и задачите, бројот на судските службеници, на лицата вработени во судот кои вршат технички и помошни работи и на судската полиција. Според наведениот Правилник, потребно е пополнување на бројот на извршители кои се предвидени со Правилникот, при што е потребна кадровска доекипираност. Од наведеното, произлегува дека во Вишиот управен суд се предвидени вкупно 71 извршители, додека моменталниот пополнет број на извршители е 17.

Во Вишиот управен суд, припадникот на судската полиција го обезбедува објектот односно деловните простории каде што е сместен Судот. Од причина што во овој суд, има вработено само еден припадник на судската полиција, неговите работни задачи се

одвиваат во една смена, неговото работно време завршува во 15,30 часот, а потоа нема дежурства. Во судот, има поставено и видео надзор кој се врши преку 4 камери поставени во внатрешноста на деловните простории на Судот и истите се поставени заради заштита на животот и здравјето на луѓето и на вработените во Судот, заштита на сопственоста, како и заради обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето на вработените во Судот, во поглед на почитување на работно време, како и се врши контрола на влегувањето на странки во судот. Работните простории, во овој суд се опремени со канцелариски мебел, ИТ опрема, плакари во кои се чуваат предметите по кои одлучува овој суд, како и архивираните предмети. Во овој суд, има потреба од набавка континуирано на канцелариски мебел.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКАТА ПРАКСА

• Во овој суд, во текот на 2023 година по одржани седници на судии, е дискутирано и за разрешување на спорни правни прашања, помеѓу судиите, по кои се донесени Заклучоци.

Вишиот управен суд на седница на судии одржана на ден 20.11.2023 година, по однос на прашањето за надомест на трошоци во управна постапка, завзеде став:

- **Кога тужениот орган со решение ја запира управната постапка, а странките имаат истакнато барање за трошоци во управната постапка, во тој случај на странката и следат трошоци во управната постапка.**

• Вишиот управен суд, на истата седница на судии одржана на ден 20.11.2023 година, по однос на прашањето кога второстепениот суд со решение ќе ја укине првостепената пресуда и ќе го врати предметот на Управниот суд, со едногласно го усвои следниот:

**ЗАКЛУЧОК**

**Кога Вишиот управен суд со решение ќе ја укине пресудата на Управниот суд и ќе го врати предметот на повторно постапување на Управен суд, во тој случај Управен суд е должен да постапи согласно член 14 од Законот за управните спорови во врска со член 366 од Законот за парнична постапка и согласно дадените напатствија во решението на Виш управен суд.**

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИ ПОСЕТИ НА ПОНИСКИТЕ СУДОВИ

• Вишиот управен суд како второстепен суд врши квартални редовни и вонредни посети во судот од прв степен заради увид во неговата работа, како и за прибирање податоци во врска со примената на законите, следењето и воедначувањето на судската практика и други податоци.

• Во календарската 2023 година, судиите од Вишиот управен суд извршија 2 (две) контроли на работата во Управниот суд.

I. **По извршената прва контрола на ден 05.05.2023 година,** составени се Извештаи од извршената контрола од секој од специјализираните судски совети во Вишиот управен суд. Имено, предмет на контрола беа по 25 предмети за секој судија на овој суд, по кои е изјавена жалба против одлука на Управен суд ( од секој од советите по кои постапува и одлучува Управениот суд), како и предметите кои се

административно вратени од страна на овој суд во Управниот суд. Секој од специјализираните судски совети во Виш управен суд изготви Извештај за спроведената контрола со констатираната состојба. Извештаите Ви се доставуваат во прилог.

II. **По извршената втора контрола на ден 10.11.2023 година,** составени се Извештаи од извршената контрола од секој од специјализираните судски совети во Вишиот управен суд. Имено, предмет на контрола беа по 20 предмети за секој судија на овој суд, по кои е изјавена жалба против одлука на Управен суд ( од секој од советите по кои постапува и одлучува Управениот суд), како и предметите кои се административно вратени од страна на овој суд во Управниот суд. Секој од специјализираните судски совети во Виш управен суд изготви Извештај за спроведената контрола со констатираната состојба. Извештаите Ви се доставуваат во прилог.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

- Во Вишиот управен суд, е формирана Канцеларија за односи со јавноста, согласно член 97 од Закон за судови. Меѓутоа од страна на граѓаните не е покажан посебен интерес, да се обратат до Канцелиаријата за односи со јавноста, во овој суд. Во овој суд, секојдневно граѓаните, странките, се опслужени со информации, преку телефонски контакти со судските службеници во писарницата на овој суд, како и преку е-маил адреса. Граѓаните, најчесто поставуваат прашања кои се однесуваат на вложените жалби од страна на жалителите или заинтересираните лица, односно дали жалбите на пресудите на Управниот суд се доставени во Вишиот управен суд, потоа дали по однос на жалбите се формирани предмети во овој суд, дали наведените предмети се заведени во овој суд и кој е нивниот број, како и прашања кои се однесуваат на текот на постапката по жалба на предметите, односно дали по одредени предмети во постапката е донесена одлука и дали истата е експедирана до Управниот суд.

- Согласно со Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, во тековната 2023 година, поднесени се 12(дванаесет) барања, по 11(единаесет) барања позитивно е одговорено, 1(едно) барање е одбиено.

- На Веб страната на Вишиот управен суд, во тековната 2023 година, 2311 одлуки, од страна на овој Суд се јавно објавени.

- На Веб страната на Вишиот управен суд, во тековната 2023 година, се објавувани континуирано Соопштенија за јавност.

Претставници од Виш управен суд, учествуваа на дијалогот за политики „Дискусија за Извештајот во сенка за Поглавје 23 за периодот октомври 2022 – септември 2023 година", кој се организираше во рамките на проектот „Градиме мостови за заедничка иднина: Владеењето на правото во насока на пристапувањето во ЕУ". Настанот се одржа на ден 21.12.2023 година во организација на Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во Вишиот управен суд, од 2013 година, се води електронска евиденција на податоците, односно движењето на предметите во судот, се евидентираат во автоматизиран информатички систем за управување со судските предмети (АКМИС) системот. Инсталиран е сметководствен програм АБМС, кој служи за работата на

сметководствено - финансиско одделение, а функционира како инстанца од целокупниот смектоводствен програм за целото судство кој е инсталиран во Судски совет на Република Северна Македонија каде што и се наоѓа базата на податоци, на програмот се врши редовно ажурирање со нови верзии.

Исто така на вработените во судот им се креирани е-маил адреси со домеинот @vusskopje.mk кој што ни следува со договорот за хостирање на веб страната на овој суд, а ни се доделени со Анекс договор, преку групна јавна набавка на интернет услуги. Официјалната е-маил адреса на судот е: visupravensud@vusskopje.mk

Судството во Република Северна Македонија има заеднички веб портал www.sud.mk од кој е дел и веб страната на Виш управен суд, до која се пристапува преку линкот http://www.sud.mk/wps/portal/vusskopje Сите содржини на веб станата на овој суд редовно се ажурираат и надополнуваат со најнови информации, соопштенија, настани, извештаи за работата на судот. Судските одлуките донесени од страна на Виш управен суд, редовно се објавуваат на судскиот веб портал, кое публикување се врши преку модул за анонимизација и публикување на судски одлуки во системот АКМИС.

Вишиот управен суд располага со ИТ опрема која овозможува непречено функционирање и извршување на секојдневните работни активности на сите вработени.

Во текот на 2022 година преку групна јавна набавка спроведена од страна на ВСРСМ, набавени се нови сервери за сите судови во РСМ. Во текот на месец септември 2022 година новиот сервер е доставен и инсталирани во Вишиот управен суд, а веќе од крајот на месец декември 2022 година направена е комплетна миграција од стариот на новиот сервер и истиот е целосно во функција. Тоа значително ја подобри работата во АКМИС системот, како и целокупната функционалност на инфраструктурата во судот. Исто така многу важен дел во овој процес има унифицираниот начин на правење на backup на базата на АКМИС и виртуелните машини на серверот, како и овозможување на целосен remote control на серверот и виртуелните машини инсталирани на него.

Посветено е големо внимание на спроведување на Планот за заштита на личните податоци.

- Поставени се полиси на Domain Controller-ите на серверот за права на пристап и промени за сите корисници, полиси за одјавување на корисник, за лозинка.

Во Вишиот управен суд во делот на информатичката технологија редовно се врши:

- Одржување на серверите
- Одржување на компјутерите што се користат во овој суд
- Одржување на мрежата во судот
- Ажурирање на Check point-от
- Објавување на информации и ажурирање на податоците на интернет страната на судот
- Објавување на аноминизираните одлуки на судскиот веб портал
- Комуникација со ИТ центарот во Врховен суд на РСМ
- Комуникација со фирмите Сага, Едусофт, Неоком и C&T, како надворешни фирми со кои се склучени договори за одржување.
- Обраќања до Работно тело за стандардизирање на постапките во судовите при ВСРСМ, за потребните измени и дополнувања кои се однесуваат на функционирањето на АКМИС системот во Вишиот управен суд
- Посетување на сите семинари и обуки поврзани со функционирањето на ИТ опремата и програмите
- Пружање техничка поддршка од областа на ИТ на вработените во судот.

## 7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Од основањето, активностите од законски определениот делокруг на Вишиот управен суд, се остваруваат во деловните простории во објектот што се наоѓа на улица „Никола Парапунов" бр.31 во Скопје, во вкупна површина од 484 m2. Наведениот простор Вишиот управен суд го користи врз основа на Одлука на Владата на Република Македонија за престанок и давање на трајно користење на недвижни ствари на Вишиот управен суд Бр.51-3467/1 од 24.06.2011 година (Службен весник на Република Македонија бр.86/2011). Делот од наведениот објект што е даден на користење на Вишиот управен суд, располага со вкупно 17 работни простории, опремени со канцелариски мебел, плакари во кои се чуваат предметите по кои одлучува овој суд, како и архивираните предмети, а има и 3 мали помошни простории, кои служат на судот за чување на канцелариски материјал, фотокопир и слично.

Напомненуваме дека Вишиот упрвен суд е сместен во населена **станбена зграда.**

Наведениот станбен простор во кој е сместен Вишиот управен суд, не ги задоволува потребите на судиите и вработените, бидејќи судиите се сместени во простории, кои се многу мали и тоа во една просторија по двајца судии. Од тие причини, Вишиот управен суд со допис-Известување СУ-03.бр.0302-76/2023 од 25.09.2023 година, се обрати до Министерството за правда на Република Северна Македонија, за најитно превземање на мерки за преселување на Вишиот управен суд со изнаоѓање на соодветен деловен простор за просторно сместување на судот како би се овозможило негово нормално функционирање.

## 8.ИЗВЕШТАЈ ЗА ПЛАНИРАНИ И ИЗВРШЕНИ ЈАВНИ НАБАВКИ

Во 2023 година Вишиот управен суд, врз основа на одлуки за јавни набавки, спроведе 4 јавни набавки. По 2 јавни набавки, донесени се одлуки за поништување на постапката, додека по 2 јавни набавки судот склучи договори за јавни набавки и тоа за:

• јавна набавка на стоки – моторни горива за службените возила на Вишиот управен суд, за период од 1 година. Постапката е спроведена со поедноставена отворена постапка, со објавување на оглас, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, согласно член 49, член 31 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија" бр.24/19), како и согласно член 59 од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр. 24/19). Склучен е договор на ден 13.04.2024 година, помеѓу овој суд и Друштвото за производство, трговија и услуги ПУЦКО ПЕТРОЛ увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница Пласница.

• јавна набавка на услуги – одржување на хигиена. Постапката е спроведена како набавка од мала вредност, со објавување на оглас, со користење на електронски средства преку ЕСЈН, согласно член 48 став 2 алинеја 1 и член 59 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Р.М" бр.24/19). На ден 23.01.2024 година склучен е Договор помеѓу овој суд и Друштво за трговија и услуги СИ-МА ЧИСТ ДООЕЛ Скопје.

**ВД ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**Анита Данилова**